БАЛЕТ

# ЧЕКОР ДО ВОЛШЕБНОТО

● (КОН ПРВАТА ПРЕМИЕРА НА БАЛЕТОТ НА МНТ ВО ОВАА СЕЗОНА: „КОПЕЛИЈА“ (КОРЕОГРАФИЈА ИРЕНА ЛОЗИНСКА) И „ГОЛЕМИОТ БАХ“ (КОРЕОГРАФИЈА ЕКРЕМ ХУСЕИН)



СЦЕНА ОД БАЛЕТОТ „ГОЛЕМИОТ БАХ“

Долгоочекуваната (уште во ноември 94) премиера на Балетот на МНТ, која доцнеше поради материјални проблеми околу костимите и опремувањето, составена од два балета, „Копелија“ на музиката на Лео Делиб и The Rezidents и „Големиот Бах“, јасно, на музика на Јохан Себастијан Бах, всушност е обид да им се даде шанса на нашите кореографи и воедно да се избегне застојот во МНТ, па според тоа и во Балетскиот ансамбл, во ова, во поглед на сите аспекти на материјалните ресурси, кризна сезона.

Кореографот и режисер на „Копелија“ **Ирена Лозинска** на либретото: Артир Сен Леон, Шарл Њуитер и Мирјана Анастасова, се обиде на целата претстава да ѝ даде современ изразувачки кореографски тренд, а на старата идеја за Копелиус, творецот на автоматската кукла Копелија, да ѝ го додаде денешниот заканувачки технолошки роботизам и евентуалната иднина која може да произлезе од тоа. Самото спојување на музиката на Лео Делиб и современата група The Rezidents зборува за идејата и желбата да се создаде симбиоза на звукот, кој би ја поддржал таа идеја, како и кореографски јазик кој се служи со неокласични и современи изразувачки средства.

И. Лозинска низ симпатичните и барани решенија покажа поголем успех како кореограф, а помалку како режисер. Целата претстава, збиена во 40 минути патеше од насилени, брзи, па според тоа и тешко прифатливи промени, временски скокови во епохите на минатото, денешнината и очекуваното – иднината, иако имаше и посветли моменти, како што е вдојувањето на живата Сванилда и нејзината фиктивна пријателка – Фани (Фантазија). За пофалба се играта на **Биљана Пашариковска**, балерина со широк стилски дијапазон, (која сè повеќе напредува), во улогата на Сванилда, како и одличната креација на **Тамара Анастасова** во улогата на Фани и Копелија.

Копелиус во изведба на **Елена Спасовска** е значајно остварување на оваа многу способна балерина, како за остварување на бизарни балетски ликови, така и за класичниот репертоар. Франц на **Иво Карагеоргиев** е успешен лик, како играч, партнер и фигура.

Ансамблот даде многу чиста и дисциплинирана игра.

Посебен впечаток оваа вечер остави изведбата на балетот „Големиот Бах“ во кореографија на **Екрем Хусеин**, тој неуморен заробеник на Терпсихора, кој сè уште верно ѝ служи, со целото битие и способност на расен играч, како и кореограф. Користејќи ја музиката на Бах, „Увертирата“ број 3, во д-дур („Арија“ и „Бранденбуршкиот концерт“, Хусеин напросто исплете брилијантни замисли во редица комбинации и игри, како и лирски адаѓа и оствари една од волшебните претстави на нашиот балет.

Во оваа претстава се потврдија големите капацитети на **Зоица Пуровска** и сета нејзина лиричност, како и техничката зрелост. Преубавата фигура на **Катерина Кипроска** и нејзините можности оставија впечаток на складна етеричност и технички перфекции, што беше мелем за љубителите на балетската уметност. Искусниот партнер **Зоран Велевски** и младиот **Горан Божинов** дадоа значаен придонес во совршенството на адаѓото и во соло настапите. Симпатичните соло настапи на **Виолета Радовановиќ и Екрем Хусеин** делуваа како водичи на куќен бал.

Треба посебно да се подвлече визуелното доживување на извонредната сценографија и костимографија на **Јасмина Ристовска и Љупка Ристовска.** Овие две млади уметнички остварија функционална стилизација која овозможи редица промени во „Копелија“ и прекрасно осмислени, осветлени како витражи, секвенционирани слики во „Големиот Бах“ кои измамија аплаузи кај публиката, импресионирана од визуелноста на сценографијата и преубавите костими. А треба да сè запамети дека и тие беа опфатени со виорот од недостиг на средства, па сепак остварија врвни креации.

Ансамблот на Балетот даде многу во овие изведби, но останува впечаток дека може уште почисто и повоиграно, затоа што е способен за тоа.

Препораката на авторот на оваа опсервација е: Погледајте ги „Копелија“ и „Големиот Бах“. Не го пропуштајте континуитетот на балетските настани.

**Љубомир БРАНЃОЛИЦА**

Вечер 8-2-95 год